Република Северна Македонија

**ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ**

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од [redacted], генералниот секретар на Инспекцискиот совет, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted]", бр. [redacted], бр. 03-726/1 од 16.08.2024 година.

## Образложение

На 16.08.2024 година, [redacted], до Инспекцискиот совет во е-форма достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-726/1 од 16.08.2024 година , со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена во препис, следната информација:

1. ОДЛУКА од спроведената постапка донесена од страна на Агенцијата за млади и спорт, доставена до Инспекциски совет на РСМ согласно Иницијатива за поведување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап против инспектор за спорт Васе Ефтимов со број на лиценца А 270440001 издадена на 15.04.2022 година и инспекторот за спорт Димитар Терзиев со број на лиценца 461630001, издадена на 06.07.2016 година поведена од Инспекциски совет на РСМ со арх. бр. 16-655/3 од 31.05.2022 година.

2. ОДЛУКА од спроведената постапка донесена од страна на Агенцијата за млади и спорт, доставена до Инспекциски совет на РСМ согласно Иницијатива за поведување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап против инспектор за спорт Васе Ефтимов со број на лиценца А270440001 издадена на 15.04.2022 година, поведена од Инспекциски совет на РСМ со арх. бр. 16-1084/3 од 31.08.2022 година.

Во предметното Барање, барателот навел дека бара препис од содржината на бараната информација да му се достави по пошта и во форма на електронски запис на посочената е-адреса [redacted]

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведените предмети, во прилог Ви доставуваме:

- Заверена копија – верна на оригиналот од одговор на Агенција за млади спорт, наш број 16-655/7 од 18.10.2022 година, Предмет: Постапување по Ургенција ваш број 16-655/6 од 12.10.2022 година. Приложената заверена копија се однесува на спроведената постапка донесена од страна на Агенцијата за млади и спорт, доставена до Инспекциски совет на РСМ согласно Иницијатива за поведување на

дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап против инспектор за спорт Васе Ефтимов со број на лиценца А 270440001 издадена на 15.04.2022 година и инспекторот за спорт Димитар Терзиев со број на лиценца 461630001, издадена на 06.07.2016 година поведена од Инспекциски совет на РСМ со арх. бр. 16-655/3 од 31.05.2022 година, којашто е предмет на Ваш интерес, односно:

- Решение за изрекување на дисциплинска мерка, бр. 04-1403/9 од 21.07.2022 година и
- Решение за изрекување на дисциплинска мерка, бр. 04-1404/11 од 21.07.2022 година;

- Заверена копија – верна на оригиналот од одговор на Агенција за млади спорт, наш број 16-1084/4 од 30.11.2022 година, Предмет: Постапување по иницијатива за поведување на дисциплинска постапка, ваш бр. 16-1084/3 од 31.08.2022 година и наш бр. 02-1977/1 од 21.09.2022 година. Приложената заверена копија се однесува на спроведената постапка донесена од страна на Агенцијата за млади и спорт, доставена до Инспекциски совет на РСМ согласно Иницијатива за поведување на дисциплинска одговорност за сторен дисциплински престап против инспектор за спорт Васе Ефтимов со број на лиценца А270440001 издадена на 15.04.2022 година, поведена од Инспекциски совет на РСМ со арх. бр. 16-1084/3 од 31.08.2022 година, којашто е предмет на Ваш интерес, односно:

  - Предлог за покренување на дисциплинска постапка за дисциплински престап, бр. 02-1977/2 од 07.10.2022 година
  - Предлог за изрекување на дисциплинска мерка, бр.02-1977/11 од 11.11.2022 година
  - Решение за изрекување на дисциплинска мерка, бр. 02-1977/12 од 15.04.2022 година.

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
м-р Сашо Мержаноски

Доставено:
- до барателот на информацијата (на е-адреса и по пошта);
- во архивата на Инспекцискиот совет, во оригинал

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор